# ДЕКЛАРАЦИЈА НА ВАШИТЕ ПРАВА

Кога ве сослушуваат во својство на осомничен/а **БЕЗ ДА БИДЕТЕ ЛИШЕНИ ОД СЛОБОДА**



## 1. Право на доверлива консултација со адвокат и правна помош за време на сослушувањето

А. Кога?

- Имате право на доверлива консултација со адвокат пред сослушувањето, а на правна помош за време на сослушувањето.
- Кога за делата за коишто ве сослушуваат е предвидена казна затвор, ќе се примени процедурата опишана под точка В.

Б. Кој адвокат?

- Може да се консултирате со кој и да е адвокат по ваш избор.
- Под одредени законски услови, може да ангажирате адвокат преку системот за правна помош, која е потполно или делумно бесплатна. Имате право да го побарате формуларот што ги содржи тие услови. Потоа побарајте назначување на адвокат од бирото за правна помош од адвокатската комора.

В. На кој начин се одвива доверливата консултација?

Ако ви била испратена писмена покана што ги содржи правата наведени во точките од 1 до 4 и во којашто стои дека се претпоставува дека сте консултирале адвокат пред да дојдете на сослушување:

- Нема повеќе да имате право на одложување бидејќи веќе сте имале можност да консултирате адвокат.
- Ако не барате помош од адвокат, задолжително треба да ве поучат за вашето право на молчење пред да почне сослушувањето (види исто така точка 3).

Ако не ви била испратена писмена покана или ви била испратена некомплетна писмена покана:

- Може да побарате само еднаш да се одложи сослушувањето до подоцнежен датум или час со цел да се консултирате со вашиот адвокат.
- Може да изберете да зборувате со вашиот адвокат преку телефон, по што сослушувањето ќе може да почне.
- Може да почекате вашиот адвокат да дојде на местото каде што ќе се врши сослушувањето.

Г. Правна помош при сослушувањата

Вашиот адвокат ќе внимава на тоа:

- дека се почитува вашето право на молчење и вашето право да не се самообвините;
- како се однесуваат кон вас за време на сослушувањето и дали сте изложени на незаконски притисок;
- дека ви биле соопштени вашите права и дека сослушувањето е регуларно.

Ако вашиот адвокат има какви било коментари во врска со горенаведеното, може да побара тие веднаш да се забележат во изјавата на записник од полициското сослушување. Тој може да побара да се спроведе одредена истрага или да се сослуша одредено лице. Тој има и право да побара објаснување за поставените прашања. Може исто така да даде коментари во врска со истрагата и сослушувањето. Тој нема право да одговара на ваше место, ниту пак да го попречува сослушувањето.

# ДЕКЛАРАЦИЈА НА ВАШИТЕ ПРАВА

Ако ве сослушуваат во својство на осомничен/а **БЕЗ ДА БИДЕТЕ ЛИШЕНИ ОД СЛОБОДА**



Г. Одрекување од ова право?

Не сте обврзани да побарате консултација или помош од адвокат.
Може доброволно и промислено да се откажете од тоа право под услов:

- да сте полнолетно лице;
- да сте потпишале и датирале изјава за тоа.

## 2. Кратко соопштување на кривичните дела

- Имате право да бидете накратко информирани за кривичните дела за коишто ќе ве сослушуваат.

## 3. Право на молчење

- Во ниеден момент немате обврска да се самообвините.
- Откако ќе се идентификувате, може да изберете да дадете изјава, да одговорите на поставените прашања или да молчите.

## 4. Други права за време на сослушувањето

Самото сослушување почнува со давање на одреден број соопштенија. Покрај повторувањето на краткото соопштување на кривичните дела и на вашето право на молчење, исто така ќе ве информираат:

- Дека може да побарате сите прашања што сте ги поставиле и сите одговори што сте ги дале да бидат запишани со истите зборовите што сте ги употребиле;
- Дека може да побарате да се спроведе одредена истрага или да се сослуша одредено лице;
- За вашите дадени изјави што се користени како доказ на суд.
- Дека не сте уапсени и дека имате право да одите каде сакате, во секое време.
- Дека за време на сослушувањето може да користите документи што ги поседувате доколку тоа не го одложува сослушувањето. За време или по сослушувањето имате право да побарате овие документи да бидат додадени во изјавата на записник од полициското сослушување или да бидат доставени во судската писарница.

## 5. На крајот на сослушувањето

На крајот на сослушувањето, текстот од сослушувањето ќе ви биде даден на читање. Може исто така да побарате тој да ви биде прочитан.
Потоа ќе ве прашаат дали сакате да се направат измени или дополнувања на вашата изјава.

## 6. Помош од страна на толкувач и право на превод

- Ако не го разбирате или зборувате јазикот или Ако не го разбирате или зборувате јазикот, или ако имате пречки во слухот или говорот, ќе биде повикан судски толкувач за да ви помогне за време на сослушувањето. Оваа помош е бесплатна.
- Може исто така да се побара од вас да ја напишете изјавата на својот јазик.
- Ако не го разбирате јазикот на кој се води постапката, имате право на превод на соодветните пасуси од налогот за апсење, поканата и судската одлука на јазик што го разбирате. Оваа помош е бесплатна.

**Може да ја задржите оваа декларација на вашите права.**